ПОДДРШКА

НА ЛУЃЕТО СО ХИВ

ГРИЖА ЗА ЈАВНОТО ЗДРАВЈЕ

ПОДОБРИ ЗДРАВСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

# 2024
# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

ЗАЕДНО ПОСИЛНИ

Здружение за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ

Скопје

# Содржина


Резиме 2

**Поддршка за луѓето што живеат со ХИВ**

Терапија и лекување 6

Директна поддршка и услуги за луѓето што живеат со ХИВ 8

Намалување на стигмата и дискриминацијата 10

Документирање случаи на дискриминација 12

Кампања и одбележување на Светскиот ден на СИДА 13

**Нашата грижа за јавното здравје**

Програма за ПрЕП 15

ХИВ-тестирање 16

**Нашата улога во унапредувањето на здравствените политики и системите за здравје**

Националните политики за пристап до лекови 21

Партнери и соработници 23

Напредок кон постигнување на стратешките цели 25

Финансиски извештај 35

# Резиме

Годишната работна програма на Здружението „Заедно посилни“ во 2024 година постигна значителен напредок во своите три програмски области, во насока на остварување на стратешкиот план до 2025 година.

152 лица што живеат со ХИВ добија вкупно 476 услуги на директна поддршка, вклучувајќи врсничка поддршка, обука за тераписка писменост и правна поддршка во случаи на дискриминација. Истовремено, продолживме да го зголемуваме бројот на здравствени професионалци обучени и сензитивизирани да обезбедуваат здравствена грижа на пациенти со ХИВ и да соработуваме со националните институции надлежни за заштита на правата и спречување дискриминација во насока на тоа да се зголемат нивните капацитети за разрешување на случаи на повреда на правата врз основа на ХИВ-статус.

Од друга страна, значително придонесовме за успешниот исход од годишната постапка на обезбедување на антиретровирусните лекови за пациентите со ХИВ, одблиску следејќи ги сите поврзани процеси и комуницирајќи со надлежните институции каде што е неопходно – со цел да се избегне исцрпување на залихите и прекин во лекувањето. Уште повеќе, развивме предлог за владина одлука за првата повеќегодишна набавка на лековите за ХИВ (за периодот 2025-2027), вклучувајќи и детално образложение, проценети количества и пресметани трошоци. Оваа клучна интервенција претставува можност за значително подобрување на квалитетот на терапијата за луѓето со ХИВ во наредните 2 до 3 години.

Во областа на јавното здравје, обезбедивме 279 услуги за ХИВ-тестирање, дополнително зголемени со разделување на 90 комплети за самотестирање, и редовни услуги за предекспозициска профилакса (во партнерство со Клиниката за инфективни болести) на 108 лица од популацијата на геј, бисексуални и други мажи што имаат секс со мажи како клучна популација која е непропорционално засегната од ХИВ во Македонија. Притоа, детектиравме 2 позитивни случаи за ХИВ. Паралелно дејствувавме за подигнување на свесноста за ХИВ како прашање за загриженост и за промоција и нормализирање на ХИВ-тестирањето – преку насочена кампања и едукативни активности.

Во доменот на јавните политики, годишната работна програма на „Заедно посилни“ произведе повеќе важни документи вклучувајќи законодавен предлог за регулирање на улогата на граѓанските организации во спроведување услуги во рамките на националните здравствени програми, со кој би се обезбедила правна основа и рамка за одредени здравствени услуги што би можеле да ги даваат граѓански организации; анализа на економските аргументи за инвестирање во ХИВ-превенцијата; 3-годишен план за спроведување на националната стратегија до 2030 година; предлог-текст за амандман од пратеници кон предлог-буџетот на Република Северна Македонија за 2025 г., вклучувајќи и образложение; како и нацрт за информација до Владата со детално образложение за повеќегодишна набавка на лекови за ХИВ.

Континуирано обезбедувавме техничка поддршка за национални процеси во областа на јавното здравје, како што е поддршката за работата на Националната комисија за ХИВ, главниот форум каде што се остварува стручна мултисекторска расправа за политиките за справување со епидемијата; потоа, партиципативното подготвување на годишните извештаи на земјата во врска со ХИВ до Европскиот центар за превенција и контрола на болестите (ECDC) и Здружената програма на Обединетите Нации за ХИВ и СИДА (UNAIDS). Најпосле, во соработка со Институтот за јавно здравје ја спроведовме годишната анализа, врз основа на математичко моделирање, за напредокот на земјата кон

постигнување на глобалните цели за ставање крај на епидемијата на ХИВ до 2030 година.

Во втората половина од годината нашата работа беше засегната од две екстремни кризни ситуации поврзани со произволни кратења на буџетот на националната програма за ХИВ што предизвикаа ризици во однос на континуитетот на терапијата за пациентите, како и на услугите за превенција. Овие околности исцрпија огромен дел од нашите капацитети и енергија во обид да се спречат посериозни последици.

Заклучно со изминатата 2024 година, седум од 11-те стратешки резултати на 4-годишниот Стратешки план на „Заедно посилни“ до 2025 година се целосно остварени или остварени до степенот предвиден за досегашното спроведување на планот (односно, резултатите 1.1., 1.3., 1.5., 2.1., 2.2., 2.3. и 3.2.), додека постигнувањето на 2 резултати е во тек (т.е., 1.2. и 3.1.). Во однос на очекуваното влијание, забележавме значителен напредок кај првиот индикатор за влијание, каде што процентот на пациенти што примаат тераписки комбинации во согласност со актуелните препораки на Европското клиничко здружение за СИДА и/или на СЗО достигна 67% во 2024 година (цел 70%) од појдовна вредност 30% во 2020/2021 г. Напредок, исто така се забележува и кај останатите два индикатори за влијание.

Андреј Сених
Извршен директор



# 1 Поддршка за луѓето што живеат со ХИВ

*Стратешка цел 1: Да го подобриме статусот на луѓето што живеат со ХИВ во С. Македонија преку осигурување на стабилен систем за обезбедување современа терапија, услуги што одговараат на нивните потреби и поефикасна заштита од дискриминација.*




# Терапија и лекување

- Дадовме придонес и обезбедивме **техничка помош во планирањето на годишната набавка на антиретровирусни лекови** од страна на Клиниката за инфективни болести. **Влијаевме да се оптимизира изборот на лекови** во рамките на обезбедениот буџет со цел колку што може да се намали употребата на лекови коишто не се препорачани во актуелните упатства за лекување на Европското клиничко здружение за СИДА (EACS) или на Светската здравствена организација.

- Извршивме притисок врз Министерството за здравство и Клиниката за инфективни болести за **да се забрза објавувањето и спроведувањето на тендерската постапка**, која неоправдано доцнеше.

- Директно **придонесовме да се надминат сериозни проблеми со превисоки цени на два од поскапите лекови**, преку комуницирање со производителот од Велика Британија, благодарение на што лековите можеа да се обезбедат и да се спречи прекин на терапијата кај 44 пациенти што ги примаа овие лекови во минатата година.

- Го анализиравме целиот процес на набавката на лекови и подготвивме **Извештај за обезбедување антиретровирусни лекови за пациентите со ХИВ во Северна Македонија во 2024 г.**, кој дава насоки за тоа како институциите да спроведат ефикасна и успешна набавка во иднина.

- **Заедно со Клиниката подготвивме детална проекција за потребните лекови за следниот период од 24 месеци**, предвидувајќи **целосно исфрлање од употреба на лековите со активните состојки efavirenz и rilpivirine**, како и проценка на неопходните средства.

- Во координација со Министерството за здравство, **подготвивме исцрпна аргументација за обезбедување на неопходните средства за лекови за следен 24-месечен период (јули 2025 – јуни 2027)** и за планирање на **прва повеќегодишна набавка на антиретровирусни лекови** што би се спровела во првата половина на 2025 г. Со неа, се очекува процентот на пациенти што примаат терописки комбинации во согласност со препораките на Европското клиничко здружение за СИДА (EACS) или на Светската здравствена организација да се искачи од 67% во 2024 година на 100% во текот на 2025 г. Освен тоа, на тој начин се очекува да се зголемат предвидливоста и сигурноста на процесот на обезбедување на лековите во иднина.



# Директна поддршка и услуги за луѓето што живеат со ХИВ

- Во текот на годината обезбедивме **вкупно 476 директни услуги на поддршка** во рамките на заедницата **на 152 лица со ХИВ**. Од нив 13 лица дијагностицирани во последните две години посетија **обука за тераписка писменост**, чија цел, меѓу другото е да го олесни и подобри степенот на придржување до терапијата, суштинско за долгорочно одржување на вирусот на недетектабилно ниво и за одржување на здравјето.




| Типови на услуги | Бр. на услуги | Бр. на опфатени клиенти |
|---|---|---|
| Вкупно | **476** | **152** |
| индивидуална врсничка поддршка | | |
| - помош при подигнувањето терапија | 175 | 82 |
| - врснички советувања | 10 | 9 |
| групна поддршка | 58 | 24 |
| советување од социјален работник или психолог | 140 | 77 |
| ваучер за прехранбени и хигиенски производи | 84 | 16 |
| покривање на патни трошоци за подигнување терапија и/или здравствен контролен преглед | 9 | 5 |




- Ја издадовме целосно новата брошура **„Позитивни муабети“** наменета специјално за лица на кои штотуку им е дијагностицирана ХИВ-инфекција, која дава одговори на **најчестите прашања што вообичаено ги имаат луѓето на самиот почеток.** Брошурата покрива: здравствените аспекти на ХИВ инфекцијата; сексуалните односи на луѓето со ХИВ, споделувањето на ХИВ-статусот, поддршката што може да ја добијат во Клиниката за инфективни болести и во Здружението „Заедно посилни“, родителството со ХИВ и здраво живеење со ХИВ. Оваа публикација е дел од нашите напори да обезбедиме едукација за луѓето со ХИВ во однос на нивното здравје, важноста на придржувањето кон терапијата и промените во животниот стил кои можат да го подобрат квалитетот на нивниот живот.




# Намалување на стигмата и дискриминацијата

- Го зголемивме списокот на здравствени професионалци што се сензитивни и обучени за работа со пациенти што имаат ХИВ преку обука на 16 специјализанти по инфектологија, во соработка со ЈЗУ Универзитетската клиника за инфективни болести и фебрилни состојби, акредитирана од Лекарската комора на Република Северна Македонија.

- Ги зголемивме разбирањето и сензитивноста за дискриминацијата поврзана со ХИВ на 10 претставници од 6 релевантни институции: Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Народниот правобранител, Министерството за здравство, Лекарската комора, Агенцијата за заштита на податоци и Фондот за здравствено осигурување – со цел да го подобриме начинот на којшто овие институции, секоја во својот делокруг, постапуваат и се справуваат во случаи на дискриминација на лица со ХИВ.

## Работилница за претставници на институции што работат на полето на заштита од дискриминација

Скопје, 24 октомври, 2024 година – 10 претставника од 6 релевантни институции (Комисијата за антидискриминација, Народниот правобранител, Министерството за здравство, Лекарската комора, Агенцијата за заштита на податоци и Фондот за здравствено осигурување) беа обучени за спецификите на дискриминацијата поврзана со ХИВ преку разгледување и анализа на минати и тековни случаи на дискриминација на луѓето што живеат со ХИВ.




Работилница за претставници на институции што работат на полето на заштита од дискриминација

## Работилница за специјализанти по инфектологија

На 30-31 март 2024 г. во Струга, реализиравме работилница за специјализанти по инфектологија, на тема: „ХИВ-инфекцијата денес – современите пристапи во дијагностиката, лекувањето и превенцијата од медицински, јавно-здравствен и социјален аспект“ во соработка со ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби, акредитирана од Лекарска комора.

16 специјализанти по инфектологија стекнаа најсовремени научни сознанија во врска со ХИВ-инфекцијата, презентирани на начин што ги задоволува професионалните потреби на докторите по инфективни болести, вклучувајќи сесија за ризикот од професионална експозиција, превенција и профилакса. Добија увиди за актуелниот епидемиолошки и јавноздравствен контекст во врска со ХИВ во земјата, како и за социјалните аспекти кои влијаат врз грижата за луѓето што живеат со ХИВ.



Работилница за специјализанти по инфектологија



## Документирање случаи на дискриминација и обезбедување поддршка за нивно разрешување

- Документиравме вкупно 43 случаи на прекршување на човековите права на лица што живеат со ХИВ, и тоа:

| | Број на случаи |
|---|---|
| Одбивање здравствена услуга: | 21 |
| Откривање на информацијата за ХИВ-статусот: | 17 |
| Прекршување на правото на приватност од медиум: | 1 |
| Отпуштање или притисок за давање отказ: | 4 |

Во 31 случај прекршувањето било сторено од страна на здравствен работник.

- Еден од регистрираните случаи, поврзан со откажување на здравствена услуга, беше сметан за случај од стратешко значење и беше поднесена претставка до Комисијата за заштита од дискриминација. Во текот на годината продолживме да следиме уште два случаи на дискриминација од стратешко значење: еден од нив, во кој на пациент со ХИВ му беше одбиена услуга од стоматолог, доби неповолни пресуди од Основниот и Апелацискиот суд во Скопје и за него ќе биде поднесена апликација до Европскиот суд за човекови права. Другиот случај сè уште се наоѓаше во процедура пред Јавното обвинителство во Скопје за поттикнување говор на омраза на интернет. Во текот на годината беа следени вкупно 3 стратешки случаи.

# ХИВ не ме прави помалку човек: кампања и одбележување на Светскиот ден на СИДА

Во однос на подигањето на свеста кај пошироката јавност, во текот на ноември започнавме кампања за одбележување на Светскиот ден за борба против СИДА-та (1 декември) под слоганот „ХИВ не ме прави помалку човек“, која кулминираше со централен настан за собирање средства на 1 декември (Оп 2.1.7.) и вклучуваше голем број јавни настапи.

- Изложба на постери од студенти на Европски универзитет и аукција
- Донаторски настан: собрани 50.000 денари од индивидуални поддржувачи
- Промоција на кампањата на социјални мрежи Телевизиски гостувања на АЛСАТ, АЛФА, МРТВ, Канал 5, Телма, ТВ24, и интервју објавено во СолуцијаОбјавени текстови во Либертас.мк, Слободен печат, СДК.мк, DW, Призма, МИА.мк, Фокус.










Изложба - Светски ден ан СИДА, Макка Бар



Аукција – Светски ден ан СИДА, Макка Бар


15 години
ХИВ НЕ МЕ ПРАВИ ПОМАЛКУ ЧОВЕК
НЕ ДИСКРИМИНИРАЈ!
Добротворен настан
ДЕНОВИ ЗА ДОНИРАЊЕ
Донирај од срце




# 2 Нашата грижа за јавното здравје

*Стратешка цел 2: Да придонесеме да се намали бројот/процентот на лица со ХИВ што не се свесни дека имаат ХИВ и да се создадат услови за ставање крај на епидемијата на ХИВ до 2030 г. – преку услуги во рамките на заедницата, подигнување на свесноста за ХИВ и насочување на јавните политики.*




# Програма за ПрЕП

- Продолживме да нудиме редовни услуги за ПрЕП преку заедничката програма со Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби, во рамките на поширок пакет услуги. Во текот на годината приклучени беа 50 нови учесници, а до крајот на годината бројот на активни корисници на ПрЕП изнесуваше 88. Вкупно 108 лица добија ПрЕП барем еднаш во годината.

- При скринингот за ХИВ беа направени вкупно 260 тестови за ХИВ (50 нови и 210 контролни), меѓу кои беше детектиран 1 нов случај на ХИВ. Позитивниот резултат беше од новите вклучувања (при појдовно тестирање кај лице што не користело ПрЕП дотогаш), а не од последователните контролни тестови кај лицата што веќе почнале да користат ПрЕП. Лицето беше преземено од Клиниката за инфективни болести за конфирматорен тест и вклучување во здравствена грижа.

При скринингот за сексуално преносливи инфекции (СПИ) (сифилис, хепатит Б, хепатит Ц) од 260 (двесте и шеесет) тестови беа детектирани 6 нови позитивни случаи за сифилис, по што лицата беа поврзани со соодветни здравствени услуги за лекување и следење.

88 активни корисници на ПрЕП

50 нови учесници

1 нов случај на ХИВ





# ХИВ-тестирање

- Спроведовме **37 ХИВ-тестирања** и разделивме **90 комплети за самотестирање**.

2 нови случаи на ХИВ

1 преку ПрЕП програмата
1 преку ХИВ-тест за самотестирање

## Подигнување на свесноста за ХИВ-тестирањето

- Обучивме група од 8 млади лица од заедницата на геј и бисексуални мажи со сеопфатни знаења за ХИВ и сексуалното здравје, со цел да придонесеме кон зголемување на свесноста во оваа заедница за ХИВ како прашање од кое е засегната, да поттикнеме нормализација на ХИВ-тестирањето, како и грижа за своето сексуално здравје.

- Спроведовме насочена кампања со фокус на геј и бисексуални мажи за промовирање на ХИВ-тестирањето, која вклучуваше 4 забавни музички настани и промоција на социјалните медиуми.







14.6.2024 г. Инсомниа 2“



31.8.2024 г. Инсомниа 3“




7.12.2024 г. Инсомниа 4“







## Политики и застапување во областа на јавното здравје

Во текот на годината со поддршка или координација на Здружението „Заедно посилни“ беа подготвени следниве документи и анализи во доменот на јавните политики:

(1) Предлог-текст за измени и дополнувања на Законот за здравствена заштита со кој би се регулирало ангажирањето на граѓанските организации за спроведување услуги во рамките на националните здравствени програми и би се обезбедила правна основа и рамка за одредени здравствени услуги што би можеле да ги даваат граѓански организации;
(2) Предлог-текст за подзаконски акт со кој подетално се уредуваат условите под кои граѓански организации би имале можност да даваат одредени здравствени услуги;
(3) Анализа на економските аргументи за инвестирање во ХИВ-превенцијата;
(4) Предлог-текст за амандман од пратеници кон предлог-буџетот на Република Северна Македонија за 2025 г., вклучувајќи и детално образложение;
(5) 3-годишен план за спроведување на националната стратегија до 2030 година;
(6) Нацрт за информација до Владата со детално образложение за повеќегодишна набавка на лекови за ХИВ.

## Техничка поддршка за националниот одговор кон ХИВ

Обезбедивме техничка поддршка за националниот одговор кон ХИВ, во насока на тоа тој да биде што познаснован врз докази:

- Обезбедивме поддршка и поширока мултисекторска консултација за подготвување на годишните извештаи на земјата до Европскиот центар за превенција и контрола на болестите (ECDC) и до UNAIDS.




**Консултација за годишни извештаи на земјата за ХИВ**

- Во соработка со Институтот за јавно здравје и со техничка поддршка од надвор ја спроведовме годишната анализа на континуумот на услугите за ХИВ, со кој се мери напредокот на земјата во остварувањето на глобалните цели за ставање крај на епидемијата на ХИВ.
- Технички поддржавме два состанока на Националната комисија за ХИВ.




# Соочување со кризи

Во 2024 година се соочивме со две екстремни кризни ситуации поврзани со произволни кратења на буџетот на Програмата за заштита на населението од ХИВ, како за 2024, така и за 2025 година.

Во првата ситуација во текот на месеците јули и август, со ребалансот на буџетот за тековната 2024 година беше предвидено кратење на Програмата за ХИВ за дури 86% (односно од 100 милиони на 14 милиони денари!), што веројатно ќе резултираше со прекин на терапијата кај пациентите со ХИВ и целосно укинување на мерките за превенција. Со огромни напори и внимателно кооридинирано дејствување со партнерските граѓански организации и група пратеници оваа криза успеавме да ја надминеме, а буџетот да се коригира на првичниот износ предвиден за година.

Втората ситуација се однесуваше на буџетот за 2025 година, кој наместо зголемување до износот неопходен за терапија и за превенција (проценет на околу 130 милиони денари, имајќи го предвид зголемувањето на бројот на пациенти на терапија и потребата од обезбедување поквалитетни лекови), беше намален од 100 милиони за 2024 г. на 90 милиони за 2025 г. И покрај вложените огромни напори, време и енергија во комуникацијата со институциите на пратениците, предвидениот буџет не беше коригиран. Проблемот беше само делумно ублажен со планирањето на повеќегодишна набавка на антиретровирусните лекови, што како резултат на поместувања во циклусот на снабдување со лекови, овозможи мали заштеди со кои во 2025 ќе може да се финансираат мерки на превенција на минимално ниво.




# 3 Нашата улога во унапредувањето на здравствените политики и системите за здравје

*Стратешка цел 3: Да ги зајакнеме капацитетите на ЗАЕДНО ПОСИЛНИ и други пациентски организации за решавање на заеднички структурни прашања во националниот здравствен систем што влијаат врз пристапот до животоспасувачки лекови и квалитетот на здравствената заштита.*



# Националните политики за пристап до лекови

- Учествувавме на 2 консултативни состаноци меѓу релевантните институции во врска со подобрување на политиките за пристап до лекови во Македонија, организирани од Светската здравствена организација, каде што ги повторивме веќе изградените позиции за што поитно воведување на механизам на преговарање за цените на скапите и иновативни лекови и временски дефинирани цели за процесот на ревидирање на позитивната листа на лекови.

- Иницирaвме заедничко барање од 10 граѓански организации до Министерот за здравство и 5 други релевантни институции со фокус на два клучни аспекта на обезбедување на пристап до лекови за македонските граѓани: (1) стратешко преговарање за цените на скапите лекови со монополска позиција на пазарот како единствен начин што може да доведе до значителна квалитативна разлика во пристапот до лекови за македонските граѓани; и (2) иницирање широка и инклузивна дискусија, врз основа на докази, за ревидирање на националната Листа на есенцијални лекови, во согласност со актуелната модел-листа на Светската здравствена организација и со националниот контекст



# Организациски развој

- Развивме нацрт-ревидирани политики и процедури на Здружението во однос на заштитата на личните податоци, во согласност Законот за заштита на личните податоци.
- Одржавме 2 седници на Собранието на Здружението.



# Партнери и соработници

Бевме посветени на партнерството и на соработката со граѓанскиот, владиниот и приватниот сектор, препознавајќи дека само со заеднички напори можат да се направат значајни и долгорочни позитивни општествени промени. Особено важни партнери во нашата работа во текот на 2024 г. беа:

- Универзитетската клиника за инфективни болести и фебрилни состојби
- Министерството за здравство на Република Македонија
- Алијанса за јавно здравје, Украина
- Глобалниот фонд за борба против СИДА, туберкулоза и маларија
- Мрежата на организации што работат на ХИВ и туберкулоза во Југоисточна Европа
- Цивика Мобилитас
- Управа за електронско здравство
- ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје
- ХОПС – Опции за здрав живот
- СТАР-СТАР
- AIDS Action Europe
- Сите организации од Платформата за одржливост на сервисите за превенција и поддршка во врска со ХИВ
- Мрежата за заштита од дискриминација
- Мрежата против хомофобија и трансфобија
- Пациентски здруженија што работат на полето на здравствена заштита

# ДОДЕЛЕНИ ПРИЗНАНИЈА

Управниот одбор на Здружението ЗАЕДНО ПОСИЛНИ одлучи да им оддаде официјално и јавно признание на неколку поддржувачи, како признание за поддршката на лицата што живеат со ХИВ во неповолна социјална положба, во рамките на нашите активности за одбележување на Светскиот ден на СИДА 2024.

Благодарница – како признание за партнерството и поддршката во рамките на одбележувањето на Светскиот ден на СИДА, 2024 година

- New Moment
- Факултет за арт и дизајн –Европски Универзитет
- Проф. Гордана Вренцоска и нејзините студенти
- Makka Bar
- Медикофармација
- Алкалоид Конс
- КОНЕКТ
- Биљана Властимирова

**Благодарница – како признание за исклучително залагање во грижата за луѓето што живеат со ХИВ**

- **д-р Ивана Панчевска**
- **д-р Наташа Хаџи Николова Алпачинова**
- **д-р Фанка Гилевски**
- **д-р Илир Османи**
- **Систина Офталмологија Скопје**
- **д-р Вјолца Алији**

Благодарница – како признание за личниот и несебичен придонес во основањето на Здружението ЗАЕДНО ПОСИЛНИ добија двајца членови на Здружението


БЛАГОДАРНИЦА
ЗАЕДНО ПОСИЛНИ


NEVER MIND THE BOLLOCKS


БЛАГОДАРНИЦА


БЛАГОДАРНИЦА
Медикофармација


АЛКАЛОИД
NEW
ZEGIN
КОНЕКТ
ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
MEDICOPHARMACIA
MAKKA


БЛАГОДАРНИЦА
ЗАЕДНО ПОСИЛНИ

# Напредок кон постигнување на стратешките цели и резултати до 2025 година

## Стратешка цел 1
*... за луѓето што живеат со ХИВ*

### Очекувано влијание

| Очекувано влијание | Индикатор | Појдовна вредност | Целна вредност / година | Остварување до крајот на 2024 г. |
|---|---|---|---|---|
| В.1. Луѓето што живеат со ХИВ ја уживаат користа од подобрен механизам за обезбедување на антиретровирусни лекови во согласност со дефинирани клинички упатства и поефективно санкционирање на дискриминацијата | В.1. Процент на пациенти со ХИВ што примаат тераписки комбинации во согласност со најновите препораки на Европското клиничко здружение за СИДА и/или на СЗО | 30% (2020) | ≥ 70% (2024) | Резултат: 67%<br><br>Во последниот квартал од 2024 година, веќе 67% од пациентите се лекуваа со тераписки комбинации во согласност со најновите препораки на Европското клиничко здружение за СИДА и/или на СЗО |

### Резултати

| Очекуван резултат | Индикатор | Појдовна вредност | Целна вредност / година | Остварување до крајот на 2024 г. |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Р1.1. Планирањето на потребите, буџетирањето и набавката на лековите за ХИВ се спроведува на методолошки поткрепен и транспарентен начин, земајќи ги предвид меѓународните препораки за лекување и очекуваното зголемување на бројот на пациенти | И1.1. Спроведувањето во пракса на развиен водич за планирање на процесите за обезбедување на антиретровирусна терапија е одразено во официјалната кореспонденција меѓу Клиниката за инфективни болести и Министерството за здравство во врска со проценетите количини и буџет | / | 2023 | Резултат:<br><br>Водич за планирање на процесите за обезбедување на антиретровирусна терапија, изработен во 2022 година, беше применет од страна на Клиниката за инфективни болести во текот на 2023 година и беше отсликан во формалната кореспонденција помеѓу Клиниката и Министерството за здравство во однос на проценетите количини на лекови и проценетиот буџет. Во 2024 година дадовме техничка поддршка на иницијативата за повеќегодишна набавка на лекови за ХИВ. Со оваа иницијатива, од 2025 година набавката на лековите ја презема Министерството за здравство и се предвидува целосно исфрлање на комбинацијата што содржи efavirenz, со што 100% од пациентите би се лекувале со комбинации во согласност со препораките на Европското клиничко здружение за СИДА и/или на СЗО. Покрај подобрувањето на квалитетот на лекувањето, иницијативата има потенцијал значително да го подобри и процесот на набавка, со тоа што ќе ја намали неизвесноста. Резултатите од оваа иницијатива ќе може да се проценат во 2025 година. |
| Р1.2. Создаден преседан во одлучување во прилог на пациентот при случаи на дискриминација поврзана со ХИВ-статусот | И1.2. Број на стратешки случаи на дискриминација што добиле поволна разрешница од релевантните установи за заштита од дискриминација | 0<br>(до 2020) | 2<br>(2025) | Резултат: **1**<br><br>До крајот на 2024 година идентификувавме и поднесовме претставки за 4 случаи на дискриминација за кои сметаме дека се од стратешко значење. Досега 1 предмет доби позитивен исход од релевантните институции за заштита од дискриминација, а 1 е неповолен во првостепениот и второстепениот суд и во врска со него е поднесена апликација до Европскиот суд за човекови права. Останатите 2 случаи се во постапка на надлежни институции. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Р1.3. Иницирaн дијалог на ниво на земјата за потребата да се осигури достапноста на есенцијални лекови | И1.3. Во МЗ е започнат партиципативен консултативен процес за ревидирање на националната листа на есенцијални лекови | / | 2023 | Резултат: **започнати чекори**<br><br>Неколку активности во периодот 2022-2024 година го покренаа ова прашање до Министерството за здравство, но контекстот за менување на министрите за здравство не беше поволен. Сепак, врз основа на нашите иницијативи и активности во 2023 година, Канцеларијата на СЗО во С.Македонија го вклучи пристапот до лекови како тема во рамките на нивната техничка поддршка за МЗ и на крајот на 2024 година Министерството формираше формална мултисекторска комисија за да дискутира за националните политики во однос на пристапот до лекови. |
| Р1.4. Клучните антиретровирусни лекови се вклучени во националната листа на есенцијални лекови | И1.4. Националната листа на есенцијални лекови е усогласена со последната верзија на модел-листата на есенцијални лекови на СЗО во делот на АРВ лековите | / | 2024 | Резултат: **сѐ уште неостварен**<br><br>Иако е покрената дискусија, процес на усогласување сѐ уште не е започнат. |
| Р1.5. Услугите за врсничка и психосоцијална поддршка подобро одговараат на потребите на луѓето што живеат со ХИВ | И1.5. Најмалку една нова услуга за поддршка е воведена или преосмислена врз основа на наодите од проценката на потребите на луѓето што живеат со ХИВ | / | 2023 | Резултат: **остварен**<br><br>Како резултат на проценката на потребите на луѓето што живеат со ХИВ спроведена во 2022 година, беа воведени **две нови услуги** наменети за лица со ХИВ – основна обука за човекови права и интернет алатка за директна анонимна комуникација и врсничка поддршка . |

## Стратешка цел 2
### *... нашата грижа за јавното здравје*

### Очекувано влијание

| **Очекувано влијание** | **Индикатор** | **Појдовна вредност** | **Целна вредност / година** | **Остварување до крајот на 2024 г.** |
|---|---|---|---|---|
| В.2. Северна Македонија ги постигнува целите на ОН до 2025 г. за контрола на епидемијата на ХИВ (како предуслов за ставање крај на СИДА до 2030 г.) | В.2. Процент на луѓе што живеат со ХИВ свесни за својот ХИВ-статус | 66% (2020) | 95% (2025) | Резултат: **71,4% (2023)**<br><br>Според анализата на континуумот на тестирање и лекување на лицата со ХИВ заклучно со крајот на 2023 година 71,4% од луѓето со ХИВ биле свесни за својот ХИВ-статус. Анализите од претходните години укажуваат на многу бавен напредок на Македонија во постигнувањето на глобалните цели до 2025 година. |

### Резултати

| **Очекуван резултат** | **Индикатор** | **Појдовна вредност** | **Целна вредност / година** | **Остварување до крајот на 2024 г.** |
|---|---|---|---|---|
| Р2.1.а. Зголемена искористеност на услугите за ХИВ-тестирање во ЗАЕДНО ПОСИЛНИ | И2.1.а. Процент на годишно зголемување на бројот на лица што направиле ХИВ-тест во ЗАЕДНО ПОСИЛНИ | 112 (2020) (апсолутен број) | 15% годишно | Резултат:<br>**42% во 2024 г.**<br>**17.5% во 2023 г.** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | Остварувањето на овој индикатор е зголемено (на пр. 279 теста биле направени во 2024 година преку услугите на „Заедно посилни“ во споредба со 197 во 2023 г.), како резултат на тестирањата извршени и преку програмата за ПрЕП, но резултатот не ги вклучува разделените комплети за самотестирање за ХИВ. |
| Р2.1.б. Зголемена искористеност на услугите за ХИВ-тестирање за клучните засегнати популации во рамките на граѓанскиот сектор | И2.1.б. Процент на зголемување на бројот на мажи што имаат секс со мажи коишто направиле ХИВ-тест во центрите на граѓанските организации до 2025 споредено со 2020 | 1010 (2020) (апсолутен број) | 30% (2025) | (индикаторот ќе биде оценет на крајот од периодот на стратешкиот план) |
| Р2.2. Сеопфатен пакет на услуги за ХИВ и сексуално преносливи инфекции им е достапен на клучните засегнати популации во земјата, вклучувајќи и предекспозициска и постекспозициска профилакса, опции за самотестирање и скрининг за сексуално преносливи инфекции | И.2.2. ПрЕП и ПЕП се нудат како редовни услуги во рамките на националниот здравствен систем | / | 2022-2025 | Резултат: **делумно остварен**<br><br>**Остварен во однос на ПрЕП:** во текот на 2024 година на Клиниката за инфективни болести, во партнерство со „Заедно посилни“, континуирано беа достапни услугите за ПрЕП, финансирани преку Националната програма за ХИВ. Во годишните постапки за набавка за периодот 2022-2024 година вклучени беа и потребните залихи на лекови за ПрЕП.<br><br>**Неостварен во однос на ПЕП:** Како резултат на нашите активности во 2022 г. беше усвоено ново национално упатство за ПЕП и услугата беше дадена од Клиниката за инфективни болести во неколку случаи на сексуален ризик од ХИВ. Сепак, подоцна престана да биде достапна поради несигурноста во обезбедувањето на залихи на антиретровирусни лекови и доцнењето на постапките за набавка. Проекција на потребни залихи за ПЕП, вклучително и за сексуален ризик, беше направена за потребите |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | на првата 2-годишна набавка на антиретровирусни лекови што ќе биде спроведена во почетокот на 2025 година. |
| Р2.3. Националниот одговор кон ХИВ се заснова врз докази и е насочен кон решавање на клучните проблематични точки во епидемијата на земјата | И2.3. Број на редовни годишни анализи на континуумот на грижата во врска со ХИВ спроведени во соработка меѓу институциите и граѓанскиот сектор | / | 4 (2025) | Резултат: **3**<br><br>До 2024 година беа спроведени 3 годишни анализи на континуумот на грижата во врска со ХИВ. |

## Стратешка цел 3

## *… нашата улога во унапредувањето на здравствените политики и системите за здравје*

### Очекувано влијание

| **Очекувано влијание** | **Индикатор** | **Појдовна вредност** | **Целна вредност / година** | **Остварување до крајот на 2024 г.** |
|---|---|---|---|---|
| В.3. Северна Македонија демонстрира силна заложба да го подобри пристапот до животоспасувачки и есенцијални лекови за своите граѓани | В.3. Стратешка дискусија во врска со пристапот до животоспасувачки и есенцијални лекови е отпочната на национално рамниште помеѓу граѓанското општество и релевантните владини сектори | / | 2023 | Резултат: **остварен**<br><br>Дебата на национално ниво беше иницирана во 2022 година и продолжи во 2023 година, кулминирајќи со состанок меѓу релевантните |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | институции и пациентски здруженија од што произлегоа заеднички заклучоци. Во 2024 година, врз основа на нашите иницијативи, Канцеларијата на СЗО во земјата го вклучи пристапот до лекови како тема во рамките на нивната техничка поддршка за МЗ, а на крајот на 2024 година Министерството формираше формална мултисекторска комисија за дискусија за националната политика во однос на пристапот до лекови. Други актери, исто така, придонесоа за јавната дебата и моментумот доведе до законски измени што треба да овозможат преговарање на државата за цените на скапите и иновативни лекови, но решението сè уште не е потврдено во пракса.. |

## Резултати

| Очекуван резултат | Индикатор | Појдовна вредност | Целна вредност / година | Остварување до крајот на 2024 г. |
|---|---|---|---|---|
| Р3.1. ЗАЕДНО ПОСИЛНИ има подобрени организациски капацитети за остварување на својата мисија на транспарентен и отчетен начин | И3.1. Резултат од надворешна проценка на организациските капацитети на скала од 1 од 4 | 3 (2019) | ≥ 3,5 (2025) | (индикаторот ќе биде оценет на крајот од периодот на стратешкиот план врз основа на истата методологија со која беше добиена оценка 3 во 2019 година) |
| Р3.2. ЗАЕДНО ПОСИЛНИ има развиено портфолио на работа врз прашањето за пристапот до животоспасувачки и есенцијални лекови воопшто, во соработка со други групи на пациенти | И3.2. ЗАЕДНО ПОСИЛНИ отпочнало јавна и стручна дискусија за досега неадресирани аспекти на пристапот до животоспасувачки и есенцијални лекови, во соработка со други здруженија на пациенти | / | 2023 | Постигнати резултати на различни нивоа во 2023 и 2024 година.<br><br>Прашањето го покренавме преку прес-конференција и објавен бриф за политики во 2022 година, што доби медиумски одговор. Владата, исто така, ја придвижи својата релевантна политика во текот на истата година. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | Во 2023 година поттикнавме формален дијалог меѓу претставници на релевантните институции и организациите на пациенти, како и канцеларијата на СЗО, унапредувајќи го дијалогот за пристап до животоспасувачки лекови. Ова, исто така, ја поттикна Канцеларијата на СЗО во земјата да преземе активности во истата насока во 2024 година (во мај и ноември), каде што и ние дадовме придонес. Процесот кулминираше со воспоставување на формална мултисекторска комисија за дискусија за националната политика во однос на пристапот до лекови од страна на Министерството за здравство во декември 2024 година |




# Финансиски извештај

Финансиските податоци покажуваат дека 2024 година, беше повторно успешна година, во која беше задржано посакуваното ниво на одржливост на Здружението, пред се, благодарение на продолжената соработка со постоечките донатори, но и благодарение на воспоставената соработка со неколку нови донатори, обезбедувајќи доволно средства за реализација на годишната работна програма на Здружението.

Трошоците кои припаѓаат на 2024 година произлегуваат во голема мера од активности кои се однесуваат на застапувањето и јавните политики кои пак директно влијаат во остварувањето на втората стратешка цел.

## Извори на финансирање за 2024 г.




## Распределба на вкупните трошоци по области за 2024 г.




Трошоци според стратешки цели за 2024г.
14%
39%
47%
Цел 1 Да го подобриме статусот на луѓето што живеат со ХИВ во С. Македонија...
Цел 2 Да придонесеме да се намали бројот/процентот на лица со ХИВ...
Цел 3 Да ги зајакнеме капацитетите на ЗАЕДНО ПОСИЛНИ и други пациентски организации...

**Биланс на приходи и трошоци за 2024 година**

Назив: **Здружение ЗАЕДНО ПОСИЛНИ Скопје**

Период на известување: **01.01.2024-31.12.2024**

| | *во денари* |
|---|---|
| **Почетна состојба на 01.01.2024** | 4,989,493.00 |
| Приходи од камати | - |
| Приходи од позитивни курсни разлики | 7,864.00 |
| Приходи од грант-проекти | 7,725,222.00 |
| Приходи од спонзорства | 122,990.00 |
| Приходи од донации | 356,520.00 |
| Приходи од доброволен прилог | - |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ (01.01.2024-31.12.2024)** | **8,212,596.00** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА НА РАСПОЛАГАЊЕ** | **13,202,089.00** |
| | |
| Плати и надомест за плати | 4,102,885.00 |
| Дневници за службени пат и други надоместоци на вработени | 12,070.00 |
| Трошоци за исплатени хонорари врз основа на договори за дело | 1,205,288.00 |
| Трошоци за консултантски услуги | 1,052,190.00 |
| Трошоци за закуп на деловен простор, конференциски сали, опрема и | 325,989.00 |
| Трошоци за комуникациски услуги (ПТТ, интернет и сл.) | 21,179.00 |
| Комунални трошоци (струја, вода, парно и сл.) | 124,497.00 |
| Канцелариски материјали и канцелариска опрема | 175,423.00 |
| Помошен материјал и материјали за обуки,тренинг и сл. | 5,018.00 |
| Трошоци за репрезентација, освежување и хотелски услуги | 556,529.00 |
| Транспортни трошоци (бензин, патарина, автобуски карти, такси превоз и патни трошоци за учесници) | 189,042.00 |
| Останати трошоци (сметководствени, ревизорски, нотарски и други | 359,075.00 |
| Трошоци за печатење, графичка дејност и вкоричување, фотокопирање и | 152,533.00 |
| Трошоци за реклама, трошоци за снимање видеа и сл | 57,082.00 |
| Помошти и донации | 112,556.00 |
| Трошоци за членарини | 300.00 |
| Банкарски провизии и агенциска провизија | 79,039.00 |
| Негативни курсни разлики | 10,116.00 |
| Останати услуги | 32,105.00 |
| Останати трошоци | 618.00 |
| **ВКУПНО ТРОШОЦИ** | **8,573,534.00** |
| Данок на непризнаени трошоци | - |
| | |
| **Крајна состојба на 31.12.2024 за пренос во наредната година** | 4,628,555.00 |
| Пресметани приходи од аванси - од претходната година | - |
| Обврски спрема добавувачи | 34,788.00 |
| Обврски спрема вработени | 1,929.00 |
| Обврски за неплатени даноци, плати и сл. | 30,458.00 |
| Обврски за неплатени хонорари | 274,112.00 |
| Обврски за неплатени данок за закупнина | - |
| Обврски за неплатени закупнина | - |
| **Вкупно средства на жиро-сметки за 01.01.2025** | **4,969,842.00** |

Работата на ЗАЕДНО ПОСИЛНИ во 2024 г. беше овозможена со финансиска поддршка од:

Годишната работна програма е поддржана од Европската Унија

Република Северна Македонија
Министерство за здравство

Годишната работна програма е поддржана од Европската Унија.

Оваа публикација е издадена со финансиска поддршка на Европската Унија и изработена во рамките на проектот „Унапредени здравствени права на девојките, жените и ранливите групи“ во рамките на програмата Цивика Мобилитас со поддршка од Швајцарската агенција за развој. Нејзината содржина е единствена одговорност на Здружението ЗАЕДНО ПОСИЛНИ Скопје и не ги одразува ставовите на Европската унија, владата на Швајцарија, Цивика мобилитас или на останатите донатори.